Република Македонија
Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство

Влада на Република Македонија
Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство
Бр. 08-1346/2
16.02.2011 год.
Јуриј Гагарин 15,
1000 Скопје,
Република Македонија
Тел. (02) 3134 477
Факс: (02) 3134 477
Е-пошта: info@mzsv.gov.mk
Сајт: www.mzsv.gov.mk

Врз основа на член 46, став 1, член 50, став 1 од Законот за органско земјоделско производство (Сл. Весник на РМ, бр. 146/2009) и член 2 од Правилникот за начинот на издавање на овластувањата на контролни/сертификациски тела за вршење на стручна контрола и стручни научни установи или други правни лица за вршење на анализи и суперанализи во органското земјоделско производство, потребната документација, формата, содржината и начинот на водење на евиденцијата (Сл. Весник на РМ, бр. 163/2010), министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство го издава следното

**РЕШЕНИЕ**
**за овластување на контролно/сертификациско тело за вршење на стручна контрола во органското земјоделско производство**

1. Подружница „Балкан Биосерт“ ООД, Скопје, со седиште на ул. „Даме Груев“ бр.5-8/9 од Скопје и ЕМБС 6030793, СЕ ОВЛАСТУВА за вршење на стручна контрола во органското земјоделско производство .

2. Овластеното контролно/сертификациско тело од точка 1 стручната контрола ќе ја врши во согласност со пропишаните услови во важечките прописи од областа на органското земјоделско производство во Република Македонија.

3. Овластеното контролно/сертификациско тело од точка 1 се запишува во евиденцијата на овластени контролни/сертификациски тела за вршење на стручна контрола во органското земјоделско производство која ја води Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

3. Надзорот над работењето на овластеното контролно/сертификациско тело за вршење на на стручна контрола во органското земјоделско производство во Република Македонија според законските одредби, ја врши Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и Државниот инспекторат за земјоделство.

**Образложение**

Подружница „Балкан Биосерт“ ООД, Скопје поднесе барање за овластување заведено со бр. 08-1346/1 од 11.02.2011 година. Во прилог на барањето достави: копија од сертификат и пропратно писмо за акредитација од Институтот за акредитација на Република Македонија, копија од тековна состојба на правното лице од единствениот трговски регистар и регистарот на други правни лица, договор за закуп на деловен простор, органограм на организациската поставеност, изјава за поседување на соодветна

опрема, изјава дека не врши советодавна активност за субјектите над кои врши контрола, изјава дека активностите на Балкан Биосерт не се во спротивност со Законот за спречување на судир на интереси и за три вработени лица: а) уверение за завршено соодветно високо образование; б) М1/М2 обрасци; в) биографија потпишана и заверена; и г) потврда за стекнато работно искуство. Врз основа на поднесеното барање и од увидот на приложената документација се утврди дека Подружница „Балкан Биосерт“ ООД, Скопје ги исполнува условите за добивање на овластување за вршење на стручна контрола во органското земјоделско производство, па согласно член 50, став 1 од Законот за органско земјоделско производство (Сл. Весник на РМ, бр. 146/2009) и член член 2 од Правилникот за начинот на издавање на овластувањата на контролни/сертификациски тела за вршење на стручна контрола и стручни научни установи или други правни лица за вршење на анализи и суперанализи во органското земјоделско производство, потребната документација, формата, содржината и начинот на водење на евиденцијата (Сл. Весник на РМ, бр. 163/2010), , се одлучи како во диспозитетот на ова Решение.

**Упатство за правно средство:** Против ова Решение дозволена е жалба до Комисијата на Владата на Република Македонија за решавање на управни работи од областа на земјоделството во рок од 15 дена од денот на приемот на ова Решение. Жалбата не го одлага извршувањето на решението.

изработил: О. Бичиклиски
контролирал: А. Синани

Република Македонија Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство Скопје

**Министер**
**Љупчо Димовски**